# ОТВОРЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ СОРАБОТНИК

## за развој на Платформа за застапување

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ во рамки на проектот „ПРОСУМЕРИ МК’’ има потреба да ангажира соработник за развој на Платформа за застапување која ќе се фокусира на унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и потрошувачи-производители (соларни просумери - домаќинства) во Македонија.

**Цел на активноста**

Идентификување на празнини и пречки во сегашното законодавство, со цел предлагање на неопходни измени и дополнувања кои ќе овозможат зголемена имплементација на енергетските заедници и соларните просумери во Македонија.

Активностите кои ќе бидат предмет на договорот треба да бидат заедничка рерализација од страна на Еко-свест и ангажираната страна.

Еко-свест нема да разгледува понуди и предлози во кои активностите не се фокусирани на развој на Платформата за застапување во процесот на унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и соларните просумери. Понудите треба да бидат насочени кон идентификување на празнините и пречките во актуелното законодавство и предлагање решенија за негово подобрување, со цел да се обезбеди поддршка за развојот на овие концепти.

**Работни задачи и одговорности на понудувачот**

Активностите ќе бидат реализирани како копродукција помеѓу Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ и ангажираната страна. Клучните области на фокус ќе бидат следниве:

- Анализа на постојното законодавство:
    - Преглед на актуелните закони и регулативи во областа на енергетиката, со посебен фокус на енергетските заедници и соларните просумери.
    - Идентификување на празнини, нејаснотии и пречки кои го ограничуваат развојот на овие концепти.
- Развој на предлози за законски измени и дополнувања:
    - Подготовка на конкретни предлози за измени и дополнувања на законите кои ќе го олеснат и стимулираат формирањето и функционирањето на енергетските заедници и соларните просумери.
    - Консултации со стручни лица, институции и други засегнати страни за добивање повратни информации и усогласување на предлозите.
- Обврски согласно Националниот план за апроксимација со ЕУ законодавството и во рамки на Енергетската Заедница:

- Анализа на обврските на Македонија согласно Националниот план за апроксимација со ЕУ законодавството и во рамки на Енергетската Заедница.
- Идентификација на степенот на усогласеност на постојното законодавство со овие обврски.
- Препораки за потребни измени и дополнувања во законодавството за целосна усогласеност со ЕУ законодавството и обврските во рамки на Енергетската Заедница.

\- Изработка на финален документ:

- Подготовка на финален документ кој ќе ги вклучува анализите, предлози, заклучоци и препораки.

Детален преглед со опис на работната задача се наоѓа во Анекс 1 од Повикот.

**Временска рамка за доставување на понуда**

Краен рок за пријавување е вторник, 31 март 2025 година, до 16:00 часот на електронската адреса: marija@ekosvest.com.mk, со назнака: Пријава за ангажирање соработник за развој на Платформа за застапување. Пристигнатите прашања од кој било од заинтересираните понудувачи ќе бидат одговорени и објавени на веб-страницата на Еко-свест под објавата за повикот. Пријавите кои ќе пристигнат по наведениот рок или без целосна документација, нема да бидат разгледувани.

Еко-свест ќе го контактира избраниот понудувач, не подоцна од 7 дена од истекот на периодот за доставување на понуда.

**Критериуми за избор на најсоодветна понуда**

По истекот на рокот за пријавување, ќе се формира Комисија од 3 члена, која ќе изврши бодување на пристигнатите понуди.

Бодувањето на пристигнатите понуди ќе се изврши на следниот начин:

\- Техничка понуда (70 поени)

\- Финансиска понуда (30 поени)

**Потребна документација за пријавување**

1. За индивидуални лица:

Технички дел:

- Предлог активности за изработка на Платформа за застапување која ќе се фокусира на унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и соларните просумери во Македонија.
- Портфолио (биографија)
- Доказ за претходно исто/слично искуство, заедно со референци од истото.

Финансиски дел:

- Финансиска понуда.
- Потпишана декларација (види Анекс 2).

Забелешка: Заинтересираните треба да достават понуди во македонски денари, со посебно назначен персонален данок и вкупен износ на понудата. Предложениот буџет треба да биде разложен по клучни ставки од реализацијата. Нема наложен формат за поднесување на буџет и истиот треба да биде предложен од заинтересираните кандидати.

Во предложениот буџет треба да бидат вклучени сите трошоци потребни за целосна реализација, промоција и изведба на активностите, со сите потребни трошоци за сите учесници, без дополнителни трошоци за Еко-свест.

- За организации/правни лица*:

Технички дел:

1. Предлог активности за изработка на Платформа за застапување која ќе се фокусира на унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и соларните просумери во Македонија.
2. Податоци за ангажираниот соработник кој ќе работи на изработка на Платформата за застапување.
3. Доказ за претходно исто/слично искуство, заедно со референци од истото.
4. Податоци за контакт на лицето одговорно за пријавата и комуникацијата со Еко-свест.

Финансиски дел:

5. Финансиска понуда.
6. Тековна состојба на правниот субјект кој е носител на понудата, не постара од 6 (шест) месеци.
7. Пополнета изјава (Анекс 3)

Доставените материјали остануваат во архивата на Еко-свест.

Од избраниот понудувач, освен горенаведените податоци, ќе се побара да достави дополнителна документација која вклучува тековна состојба/потврда за регистрирана дејност на добавувачот; потврда за солвентност/бонитет; завршна сметка за 2024 (за правни лица); ротврда/информација од Централен Регистар за забрана за вршење дејност и регистар за казни на правни лица; уверение за платени даноци и придонеси; изјави за доверливост и непостоење на конфликт на интереси од страна на избраниот кандидат (физичко лице) или изјава дека ги исплонува критериуме за учество (правно лице); биографии (CV) на консултантите; листа на референци/портфолио.

**Временска рамка за спроведување на активноста**

Периодот на имплементација е помеѓу 01 април и 30 април 2025 година.

**Буџет**

Максималниот буџет достапен за извршување на горенаведените задачи изнесува 2.500,00 ЕУР (во денарска противвредност според курсот од конверзијата на средствата од примената транша од донаторот) со вклучен персонален данок или ДДВ.

Заинтересираните треба да доставаат понуди во македонски денари, со посебно назначен ДДВ и вкупен износ на понудата. Предложениот буџет треба да биде разложен по клучни ставки од реализацијата. Нема наложен формат за поднесување на буџет и истиот треба да биде предложен од заинтересираните кандидати.

Во предложениот буџет треба да бидат вклучени сите трошоци потребни за целосна реализација, промоција и изведба на активностите, со сите потребни трошоци за сите учесници, без дополнителни трошоци за Еко-свест.

## Анекс 1: Опис на работната задача

**Опис на услугата**

Центарот за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ од Скопје, во рамки на своите редовни активности, планира низа јавни активности во текот на 2025 година, насочени кон подигнување на информираноста и свесноста на граѓаните, со посебен фокус на концептот за соларните просумери и енергетски заедници во Македонија. Целта на овие активности е да се зголеми информираноста на граѓаните за концептот на соларни просумери и енергетски заедници, како и да се промовира користењето на обновливи извори на енергија. Истовремено, активностите ќе имаат за цел да го поддржат застапувањето за унапредување на законодавните и регулаторни рамки кои ги поддржуваат овие иницијативи во земјата. Во контекст на ова, ќе се промовира употребата на соларна енергија и учеството на граѓаните во концептот на соларни просумери. Преку овие активности, ќе се поттикне свеста за предностите на фотоволтаичните системи и вклучувањето на граѓаните во процесите за генерирање и користење на сопствена зелена енергија, што ќе доведе до поголема енергетска независност и намалување на негативното влијание врз животната средина. Како дел од овие активности ќе се изработи документ, Платформа за застапување, кој ќе се фокусира на унапредување на законодавството во областа на енергетските заедници и соларните просумери во Македонија, со цел да се идентификуваат и решат празнините и пречките во сегашното законодавство, како и да се обезбеди поддршка за развојот на овие концепти и да се зајакне учеството на граѓаните во процесот на сопствено производство и потрошувачка на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Предложените активности ќе бидат резултат на копродукција помеѓу „Еко-свест“ и ангажираната страна.

**Основни информации**

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина. Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и хармонија со животната средина. Своите мисија и визија ги оствaруваме преку различни иницијативи кои вклучуваат поддршка и поттик на граѓанската свесност и активно учество на локалните заедници. Промовирањето на практични решенија во соработка со организации и институции, дополнително допринесуваат кон исполнување на нашата визија и мисија. За нашиот успех, доказ се јавните кампањи за подигнување на свеста за климатските промени, заштитата на природата и водите, аерозагадувањето, енергетската транзиција и зелената трансформација кои ги спроведуваме повеќе од две децении и имаат допрено до над 1 милион граѓани.

Проектот, во чији рамки се предвидува оваа активност, има за цел да ја подигне јавната свест за значењето на обновливите извори на енергија и да поттикне учеството на граѓаните во процесот на производство на сопствена енергија преку концептот на соларни просумери и енергетски заедници. Креирањето на Платформата за застапување е клучен дел од активностите на проектот, кој се стреми да влијае на унапредувањето на законодавството и политиките во Македонија, со цел да се создаде поефикасна правна и регулаторна рамка која ќе ги поддржи овие концепти.

Платформата ќе служи за мобилизирање на поддршка од граѓаните и други засегнати страни, и ќе ги адресира правните бариери кои го ограничуваат ширењето на обновливите извори на енергија, со посебен фокус на соларните просумери и енергетските заедници. Таа ќе биде алатка за координација на напорите за идентификување и решавање на празнините и бариерите во постојното законодавство, со цел да се создаде поволно правно опкружување за развој на овие концепти. Крајната цел е да се поттикне активно учество на граѓаните во сопствено производство и потрошувачка на енергија од обновливи извори и да се зголеми енергетската независност на домаќинствата и заедниците.

**Цел на услугата**

Целта на услугата е да создаде Платформа за застапување која ќе служи како клучна алатка за мобилизирање на поддршка од граѓаните и други засегнати страни, со цел активно учество во процесот на производството и потрошувачка на зелена енергија преку концептот на соларни просумери и енергетски заедници. Платформата ќе има за цел да обезбеди целосна поддршка на процесите за енергетска транзиција и да помогне во надминување на правните бариери кои ја ограничуваат имплементацијата на обновливите извори на енергија. Ќе се фокусира на унапредување на законодавството и создавање на поефикасна регулаторна рамка која ќе ја поттикне енергетската независност на домаќинствата и локалните заедници. Преку платформи за застапување и отворена дискусија, ќе се зголеми свеста за важноста на обновливите извори и ќе се поттикне имплементацијата на позитивни промени во енергетскиот сектор кои ќе водат кон создавање на одржливи и еколошки решенија. Во оваа насока, целта е да се влијае врз создавањето на правна и регулаторна средина која ќе овозможи поедноставен пристап до обновливи извори, ќе го намали негативното влијание од фосилните горива и ќе придонесе за децентрализирана енергија за граѓаните и заедниците.

**Обем и детален опис на услугата**

За успешна реализација на планираните активности  во договорениот временски рок, ангажираниот соработник е потребно да предложи соодветни активности наменети за млади кои може да вклучуваат, но да не се ограничат на активности од типот:

- Анализа на постојното законодавство:
    - Преглед на актуелните закони и регулативи во областа на енергетиката, со посебен фокус на енергетските заедници и соларните просумери.
    - Идентификување на празнини, нејаснотии и пречки кои го ограничуваат развојот на овие концепти.
- Развој на предлози за законски измени и дополнувања:
    - Подготовка на конкретни предлози за измени и дополнувања на законите кои ќе го олеснат и стимулираат формирањето и функционирањето на енергетските заедници и соларните просумери.
    - Консултации со стручни лица, институции и други засегнати страни за добивање повратни информации и усогласување на предлозите.
- Обврски согласно Националниот план за апроксимација со ЕУ законодавството и во рамки на Енергетската Заедница:

- Анализа на обврските на Македонија согласно Националниот план за апроксимација со ЕУ законодавството и во рамки на Енергетската Заедница.
- Идентификација на степенот на усогласеност на постојното законодавство со овие обврски.
- Препораки за потребни измени и дополнувања во законодавството за целосна усогласеност со ЕУ законодавството и обврските во рамки на Енергетската Заедница.

- Изработка на финален документ:
  - Подготовка на финален документ кој ќе ги вклучува анализите, предлози, заклучоци и препораки.

Ангажираната страна за договорените активности ќе треба:

- Најдоцна до 20 април 2025 година да изготви финален документ, Платформа за застапување, која е предмет на договорот;

- Да одржи консултативен состанок со лицето назначено за контакт од страна на нарачателот, во термини меѓусебно и однапред договорени (најмалку еден состанок);

- Да одржува тесна соработка со останатите вработени во организацијата;

- Извршување на работните задачи во согласност со политиките на Еко-свест и насоките дадени од страна на назначените лица за контакт.

**<u>Временска рамка</u>**

Периодот на имплементација е помеѓу 01 април и 30 април 2025 година.

**<u>Буџет</u>**

Максималниот буџет достапен за извршување на горенаведените задачи изнесува 2.500,00 ЕУР (во денарска противвредност според курсот од конверзијата на средствата од примената транша од донаторот) со вклучен персонален данок или ДДВ.

**<u>Комуникација и надзор на проектот</u>**

Ангажираната страна ќе назначи лице за контакт кое ќе биде одговорно за навремена и точна комуникација и координација со Еко-свест.

Еко-свест ќе биде одговорен за надзорот за напредокот на активноста и почитувањето на договорите и договорените страни.

**<u>Контакт лице</u>**

Контакт лица за проектот ќе биде:

Марија Штерјова

Е-маил: marija@ekosvest.com.mk

Контакт телефон: +389 (0)70 340-935

# Анекс 2: Потврда за посветеност: Кодекс на однесување на Еко-свест и декларација на судир на интереси

Ви благодариме што го пополнивте овој документ и го испративте до соодветното одговорно лице во Еко-свест, кое ќе го разгледа и ќе разговара со вас за сите потенцијални конфликти што може да ги декларирате. Декларирањето на судирот на интерес подолу треба да се пополни еднаш годишно, или кога ќе се појави нов идентификуван судир или на барање од Управните структури на Еко-свест.

**Потврдувам дека го прочитав, разбирам и целосно се обврзувам да го почитувам Кодексот на однесување на Еко-свест. Посебно ги признавам и се обврзувам на почитување на Политиката на Еко-свест за превенција на корупција, измама и судир на интереси, како и Упатството за укажувачи.**

**Потпишал (Име и презиме):** **Позиција/ Функција** **Датум**

**---------------------------------------** **-------------------------------------------** **-----**
**---------------------**

**Своерачен потпис** **-------------------------------------------**

## Декларација за непостоење судир на интереси

**__*X*___ Изјавувам дека немам никакви судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест.**

______________________ ______________________________ __________________

***Потпис*** ***Име и презиме*** ***Датум***

***ИЛИ***

**______ Изјавувам дека немам судири на интерес, онака како што е опишано во политиката на Еко-свест, освен оние наведени подолу:**

______________________ ______________________________ __________________

***Потпис*** ***Име и презиме*** ***Датум***

| Потенцијална конфликтна „страна“ | Однос на страната со Еко-свест | Однос на вработен/консултант/член на одбор со страната (вклучува и исплати и надоместоци) | Временска рамка на односот меѓу вработениот/ консултантот/ член на Одбор и страната | Останати коментари, информации, податоци |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |

**Анекс 3: Изјава од понудувач**

**ИЗЈАВА**

Јас, долупотпишаниот ______________________________ (име и презиме) во функција на овластен застапник на ______________________________(име на правното лице) со целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека правното лице кое го застапувам нема ограничувања да биде понудувач во овој повик и дека поконкретно

→ Правното лице не се наоѓа во стечајна постапка, банкрот или судски спор, правното лице нема склучено договор со доверители без можност да ги сервисира обврските кон кредиторите, и истото нема суспендирање на деловните активности на правниот субјект, односно активностите на правното лице не се предмет на постапка во врска со овие прашања или не се во било каква аналогна ситуација што произлегува од слична постапка предвидена во националното законодавство и регулативи;

→ Правното лице и овластениот застапник не се осудени за прекршок по основ на непрофесионално однесување, со пресуда која има сила на *res judicata*;

→ Правното или физичко лице застапник не е обвинето за тежок прекршок и/или недолично професионално однесување, по било кој основ докажано како праведно обвинето;

→ Правното или физичкото лице застапоник не се утврдени за виновни со правосилна пресуда или со правосилна административна одлука за тешко недолично професионално однесување прекршувајќи ги важечките закони и прописи или етичките стандарди апликативни за професионалната област во рамки на која субјектот делува, или соучествувајќи во било какво несоодветно однесување кое има влијание врз неговиот професионален кредибилитет и кога таквото однесување укажува на погрешна намера или груба небрежност, вклучително и особено кое било од следното: измама или небрежно погрешно прикажување на информации потребни за проверка на отсуството на основи за исклучување или исполнување на критериумите за избор или спроведување на договорот, вршење притисок или влијание при процесот на донесување одлука, или обид да се добијат доверливи информации за предности во постапката на набавка;

→ Правното лице ги исполнува обврските за плаќање на придонеси за социјално осигурување на вработените или плаќање даноци согласно законските одредби на земјата во која правниот субјект е основан или со одредбите важечки за земјата каде треба да се спроведе договорот;

→ Правното лице не е предмет на пресуда која има сила на *res judicata* за измама, корупција, инволвираност во криминални дејствија или која било друга незаконска активност штетна за финансиските интереси на организацијата и донаторите.

На ден __________година

Име и презиме на застапникот

Потпис и печат